triglav

Врз основа на член 41 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје и донесената Одлука на 230-та седница на Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје, одржана на 22-24.10.2025 година, за свикување на 67-та седница на Собранието на акционери, Одборот на директори на

**ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД, СКОПЈЕ**

**Објавува**

**П О В И К**
**до акционерите за учество на Собрание на акционери на Друштвото**

Собранието на акционери на Триглав Осигурување АД, Скопје ќе се одржи на ден 27.11.2025 година (четврток) со почеток во 09,00 часот во седиштето на Триглав Осигурување АД, Скопје, бул.„8-ми Септември“ бр.16 со следниот

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

**I. Процедурален дел:**

1. Избор на претседавач на Собранието и
2. Избор на бројачи на гласови.

**II. Работен дел:**

1. Донесување Одлука за промена на седиштето на Друштвото;
2. Донесување Одлука за промена на Статутот на Друштвото;
3. Донесување Одлука за избор на член на Одборот на директори.

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието. Секој акционер кој има намера да учествува на седницата на Собранието на Друштвото, е должен да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество) најдоцна пред почетокот на Седницата на закажаното Собрание. Пријавите да се достават на адреса бул.„8-ми Септември“ бр.16, 1000 Скопје, до Службата за правни и корпоративни работи. Секој акционер може да овласти свој полномошник на Собранието на еден од следниве начини:

- со потпишување на писмено полномошно заверено на нотар;
- со давање на полномошно во писмена форма, без обврска да се завери полномошното на нотар, при што акционерот е должен писмено да го извести Друштвото за даденото полномошно и да достави доказ за неговиот личен идентитет. Обрасците за давање на полномошно во писмена форма се достапни за преземање на интернет страницата на Друштвото;
- со овластување на полномошниците по електронски пат на следната електронска адреса: osig@triglav.mk.

Секој акционер има право да предложи точки на дневен ред и да предложи усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени во дневниот ред, најдоцна во рок од осум дена од денот на објавување на повикот. Постапката за предлагање на нови точки на дневен ред, предлагање на одлуки по секоја од точките кои се вклучени во дневниот ред и начинот на поставување на прашања за точките од дневниот ред се објавени на интернет страницата на Друштвото.

Акционерите можат да гласаат со коресподенција со испраќање пополнет образец  кој во оригинал мора да биде примен во Друштвото најдоцна на 26.11.2025 година, до 16:00 часот. Заедно со образецот за гласање акционерот е должен да достави и документација за утврдување на идентитетот на акционерот. Образецот за гласање со кореспонденција и дополнителни информации за начинот на пополнување и идентификацијата на акционерите се достапни на интернет страницата на Друштвото: www.triglav.mk.

Материјалите за седницата на Собранието на акционери на Друштвото се достапни на акционерите од денот на објавување на повикот, секој работен ден од 09-14 часот на приемната рецепција на прв кат во деловната зграда ХИПЕРИУМ, на бул. .„8-ми Септември“ бр.16, 1000 Скопје и на интернет страницата на друштвото: www.triglav.mk.

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 61 став 2 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24) и член 6 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје, Собранието на акционери на Триглав Осигурување АД, Скопје на својата 67 седница одржана на ден 27.11.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за промена на седиштето на Друштвото**

**Член 1**

Се менува седиштето на акционерското друштво за осигурување Триглав Осигурување АД, Скопје на бул.8-ми Септември бр.16, Скопје, општина Карпош, Република Северна Македонија, запишано во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Новото седиште на акционерското друштво за осигурување Триглав Осигурување АД, Скопје е на бул.3-та Македонска Бригада бр.36, Скопје, општина Аеродром, Република Северна Македонија.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од денот на добивање на согласност за промена на седиштето на Друштвото од Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**СО СОБРАНИЕТО**

__________________________

Триглав Осигурување АД, Скопје

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**за промена на седиштето на Триглав Осигурување АД, Скопје**



| | |
|---|---|
| **ПРЕДМЕТ:** | **Образложение за промена на седиштето на Триглав Осигурување АД, Скопје** |
| **ОСНОВ:** | **Член 9. став 3. од Правилникот за начинот, постапката и документацијата потребна за добивање согласности (Службен весник на Република Северна Македонија бр.246/19 и 280/220)** |

Промената на седиштето на Триглав Осигурување АД, Скопје произлегува од долгорочната стратегија и мисија на Друштвото, чија цел е обезбедување на сопствен деловен простор како основа за стабилно и одржливо работење, обезбедување на современи, достапни и ефикасни услуги, прилагодени на потребите на осигурениците и пазарните услови.

Новата локација е избрана внимателно, имајќи ги предвид следните фактори:

- **Подобра достапност за осигурениците и деловните партнери**, преку локација која е полесно пристапна со јавен превоз, паркинг и инфраструктура;
- **Модерни и функционални простории**, кои овозможуваат подобри услови за работа на вработените и поквалитетна услуга за клиентите;
- **Намалување на оперативните трошоци**, што придонесува кон финансиска одржливост и можност за инвестирање во дигитализација и иновации;
- **Проширување на капацитетите**, како резултат на планираниот раст и развој на друштвото, со цел да се одговори на растечките потреби на пазарот и да се обезбеди повисоко ниво на услуга
- **Унапредување на корисничкото искуство**, преку пријатна и професионална средина која ги одразува вредностите на Триглав Осигурување АД, Скопје и Групација Триглав.

Со оваа промена, Друштвото го потврдува својот континуиран стремеж кон подобрување и приближување до клиентите, обезбедувајќи **попристапни, поефикасни и поквалитетни услуги.** Новото седиште ќе биде симбол на развојот, стабилноста и посветеноста кон градење доверба и долгорочни односи со осигурениците.

**Целта на промената на седиштето** на Друштвото е повеќеслојна и произлегува од стремежот на Друштвото да обезбеди стабилна, функционална и долгорочно одржлива основа за своето работење. Промената не претставува само физичко преместување, туку е дел од поширок процес на трансформација и унапредување на деловното работење.

Главните цели за промена на седиштето на Друштвото се:

- **Обезбедување сопствен деловен простор**, како дел од стратешката ориентација кон финансиска независност и намалување на трошоците за закуп, што овозможува поголема предвидливост и контрола врз ресурсите;
- **Подобрување на пристапноста за клиентите**, преку локација која е полесно достапна, со подобра инфраструктура, што директно влијае на корисничкото искуство и ја зголемува довербата во Друштвото;
- **Создавање услови за раст и развој**, преку проширување на просторот со цел да се овозможи зголемување на човечките ресурси, што е неопходно за одговор на зголемените барања на пазарот и за унапредување на услугите;

- **Поддршка на дигитализацијата и иновациите**, преку технички подобрен простор кој овозможува имплементација на нови технологии и подобрување на внатрешните процеси;
- **Јакнење на корпоративниот идентитет**, преку седиште кое ги одразува вредностите, професионалноста и визијата на Друштвото и служи како репрезентативен центар за вработените, клиентите и партнерите.

Со оваа промена, Друштвото не само што ги подобрува своите оперативни капацитети, туку и испраќа јасна порака за својата посветеност кон квалитет, достапност и долгорочен развој.

Со изборот на новото седиште на друштвото, Триглав Осигурување АД, Скопје демонстрира јасна визија за иднината – визија која се темели на стабилност, функционалност и ориентираност кон клиентите. Новиот деловен простор не претставува само просторна промена, туку суштински чекор кон унапредување на деловното работење, подобрување на корисничкото искуство и јакнење на корпоративниот идентитет.

Просторот е внимателно избран и технички опремен за да ги задоволи тековните и идните потреби на Друштвото, овозможувајќи ефикасна организација, дигитална трансформација и проширување на капацитетите. Дополнително, седиштето ги исполнува сите потребни критериуми за техничка опременост и соодветност, во согласност со важечките законски прописи и релевантни стандарди, обезбедувајќи сигурна и современа работна средина.

Со оваа инвестиција, Друштвото ја потврдува својата посветеност кон долгорочен развој, доверба и професионалност, поставувајќи темели за уште поголем успех во годините што следат.

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**СО СОБРАНИЕТО**

____________________________

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 став 1 точка 1 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24) и член 154 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје, а во врска со член 39 став 1 точка 1 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје, Собранието на акционери на Триглав Осигурување АД, Скопје на својата 67 седница одржана на ден 27.11.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измена на Статутот на Друштвото**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје чиј што пречистен текст е утврден од Одборот на директори на 227-та седница одржана на ден 12.06.2025 година.

**Член 2**

Членот 4 се менува и гласи:

„Седиштето на Друштвото е во Скопје, бул. 3-та Македонска Бригада бр. 36, општина Аеродром, Република Северна Македонија.“

**Член 3**

Членот 158 се менува и гласи:

„Со влегување во сила на овој Статут престанува да важи пречистениот текст на Статутот утврден од Одборот на директори на 227-та седница одржана на ден 12.06.2025 година.“

**Член 4**

Се овластува Одборот на директори да утврди пречистен текст на Статутот.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила од денот на добивање на согласност за изменување на Статутот на Друштвото од Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ
СО СОБРАНИЕТО

__________________________

Триглав Осигурување АД, Скопје

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**за промена на Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје**



| | |
|---|---|
| **ПРЕДМЕТ:** | **Образложение за промена на Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје** |
| **ОСНОВ:** | **Член 2. став 3. точка 1. од Правилникот за начинот, постапката и документацијата потребна за добивање согласности (Службен весник на „Република Северна Македонија" бр.246/19 и 280/220)** |

Согласно одредбите од член 287 став 1 од Законот за трговските друштва, Статутот на Друштвото треба задолжително да содржи одредби за фирмата и седиштето, односно во самиот Статут треба да биде наведена адресата на седиштето на друштвото.

Со оглед на фактот дека Друштвото планира промена на своето седиште, по исполнување на сите потребни услови и обезбедување на сите потребни согласности за промена на седиштето на Друштвото, потребно е да се изврши и промена на одредбата од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје каде е наведено седиштето на друштвото.

Со измените на Статутот се врши единствено измена на седиштето на Триглав Осигурување АД, Скопје кое ќе биде на бул.3-та Македонска Бригада бр.36, Скопје, општина Аеродром.

ПРЕТСЕДАВАЧ
СО СОБРАНИЕТО

________________________

Триглав Осигурување АД, Скопје

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24) и член 39 став 1 точка 3 од Статутот на Триглав Осигурување АД, Скопје, Собранието на акционери на Триглав Осигурување АД, Скопје на својата 67 седница, одржана на ден 27.11.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на член на Одборот на директори**

**Член 1**

Мандатот на членот на Одборот на директори г-дин Матеј Ферлан како независен неизвршен член на Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје истекува и престанува заклучно со 04.12.2025 година.

**Член 2**

За неизвршен член на Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје се избира **г-дин Матеј Ферлан**, со адреса на живеење на ул.Савска цеста бр.006, Љубљана, Словенија, по професија магистер по бизнис администрација (МБА).

**Член 3**

Мандатот на г-дин Матеј Ферлан како неизвршен член на Одборот на директори трае четири години, почнувајќи од 05.12.2025 година.

**Член 4**

Другите членови на Одборот на директори продолжуваат со својата работа во Одборот на директори со постојниот мандат.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**НА СОБРАНИЕТО**

______________________

ЛИЧНИ ИНФОРМАЦИИ

# Матеј Ферлан

Савска цеста 6, 1000 Љубљана, Словенија

Пол М | Државјанство Словенечко

## РАБОТНО ИСКУСТВО

Од Октомври 2020

### Извршен директор за неживотно осигурување

Заваровалница Триглав, д.д. Седиште, Миклошичева 19, 1000 Љубљана, www.triglav.eu

Јуни 2012 – Септември 2020

### Извршен директор за штети од неживотно осигурување

Заваровалница Триглав, д.д. Седиште, Миклошичева 19, 1000 Љубљана, www.triglav.eu

Јануари 2009 - Јуни 2012

### Извршен директор за преземање ризици и развој на производи од неживотно осигурување

Заваровалница Триглав, д.д. Седиште, Миклошичева 19, 1000 Љубљана, www.triglav.eu

Јануари 2008 - Декември 2008

### Директор за осигурување на имот и одговорност

Заваровалница Триглав, д.д. Седиште, Миклошичева 19, 1000 Љубљана, www.triglav.eu

Ноември 2006 - Декември 2007

### Раководител на Одделот за имотни и технички штети во Центарот за штети Љубљана

Заваровалница Триглав, д.д., Центар за штети Љубљана, Веровшкова 60б, 1000 Љубљана, www.triglav.eu

Јуни 2002 - Октомври 2006

### Проценител и ликвидатор на имотни штети / Подрачна единица Љубљана

Заваровалница Триглав, д.д., Подрачна единица Љубљана, Веровшкова 60б, 1000 Љубљана, www.triglav.eu

## ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Март 2013 - Декември 2014

### МБА (Магистер по бизнис администрација)

Универзитет во Љубљана, Економски факултет Љубљана, Кардељева плошчад 17, www.e

Октомври 1994 – Мај 2002

### Универзитетско образование: Дипломиран градежен инженер

Универзитет во Љубљана, Факултет за градежно и геодетско инженерство Љубљана, Јамова цеста 2, www3

Септември 1990 до Јуни 1994

### Гимназиски матурант

Гимназија Ледина, Љубљана, Ресљева цеста 12

© European Union, 2002-2013 | http://europass.cedefop.europa.eu

## ЛИЧНИ ВЕШТИНИ

**Мајчин јазик** Словенечки јазик

**Други јазици**

| | РАЗБИРАЊЕ | | ЗБОРУВАЊЕ | | ПИШУВАЊЕ |
|---|---|---|---|---|---|
| | Слушање | Читање | Вербална интеракција | Вербална продукција | |
| Англиски јазик | Ц2 | Ц2 | Ц2 | Ц2 | Ц2 |
| Германски јазик | Ц1 | Ц1 | Ц1 | Ц1 | Ц1 |
| Италијански јазик | Б2 | Б2 | Б2 | Б2 | Б1 |
| Српскохрватски јазик | Ц2 | Ц2 | Ц2 | Ц2 | Ц1 |

**Комуникациски вештини**

- добри вештини во мултикултурна комуникација
- тимска работа

**Организациски / раководни вештини**

- лидерство
- организациски вештини
- вештини за управување со проекти

**Стручни вештини**

- искуство и познавање на осигурителната индустрија

**Компјутерски вештини**

- добро владеење на алатките Microsoft Office™

**Возачка дозвола**

- Б категорија